ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-449/4*
*14.07.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП СО НАМЕНА А- ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа одлука се организира повторна јавна анкета и јавна презентација на изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП СО НАМЕНА А- ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

-од североисток граничи со КП 3553/1, КП3558, КП3596, КП 3812, КП 3842, КП 3845 и КП 3844/1 КО Штип 3

- од исток граничи со улица "АСНОМ", КП 5969/1 и КП 5522 КО Штип 3

- од југоисток граничи со КП 5554, КП 5559, КП 5558, КП 5562, КП 5905 и КП 5569/1 КО Штип 3

- од запад граничи со КП 5569/1, продолжува по улица Косовска, КП 5653, повторно продолжува по улица "Косовска", по КП 3766, КП 3769/2, КП 3761/1, КП 3748/1 КО Штип 3, за да заврши со улица "Радански пат".

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП СО НАМЕНА А- ДОМУВАЊЕ, вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 227060,4m2.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, повторниот јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП СО НАМЕНА А- ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП, ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Повторната јавна анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 30 јули 2025 (среда) до 12 август 2025 год (вторник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 6 август (среда) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетраењето на јавната анкета.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов